# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЃУБРИЊА

**Службен весник на РМ, бр. 20 од 16.02.2009 година**

**Член 1**

Во Законот за ѓубрива („Службен весник на Република Македонија" број 110/2007), во членот 45 ставот (2) се менува и гласи:

"Инспекциски надзор над спроведување на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон од страна на правни и физички лица, установите и други правни лица, во извршување на мерките кои произлегуваат од овој закон, врши Државниот инспекторат за земјоделство, преку државни инспектори за земјоделство и фитосанитарни инспектори."

**Член 2**

Во членот 58 ставот (1) се менува и гласи:

"Прекршочен орган за водење на прекршочна постапка, согласно со членовите 59, 60 и 61 од овој закон е Државниот инспекторат за земјоделство."

Ставот (2) се брише.

Ставот (3) станува став (2).

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".